**ТД МАКОШПЕД АД** **ПРЕДЛОГ**
**СКОПЈЕ**

Врз основа на член 20 од Статутот на ТД Макошпед АД - Скопје и член 383 ст.1 т.2 и чл.384 ст.2 т.1 од Законот за трговски друштва, годишното собрание на акционери на својата седница одржана на ден 04.04. 2018 година, ја донесе следната :

# О Д Л У К А

***за усвојување на Годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работа на Друштвото за деловната 2017 година***

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВААТ** годишната сметка, финансиските извештаи ревидирани од овластен ревизор со мислење и годишниот извештај за работа на Друштвото за деловната 2017 година.

Годишната сметка, финансиските извештаи ревидирани од овластен ревизор со мислење и годишниот извештај за работа на Друштвото за 2017 година се составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

***О б р а з л о ж е н и е :***

*Годишното собрание на акционери на ТД Макошпед АД - Скопје на својата седница одржана на 04.04.2018 година, согласно одредбите од статутот на друштото и законот за трговски друштва, како и другите позитивни законски прописи, ги разгледа и усвои годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работа на друштвото за период од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година и донесе одлука како во диспозитивот на оваа одлука.*

**ГОДИШНО**
**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

**Број 02-153**
**04.04.2018год.**

**Претседавач,**

________________________